USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

Проект:
ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ЗА РЕГИОНАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА

- СТУДИЈА -

# МАПИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ТРГОВСКИ И ИНВЕСТИЦИСКИ МОЖНОСТИ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН



Изработена од Меѓународен институт
за бизнис анализа (МИБА)

Скопје, 2023

*Оваа анализа е подготвена од Меѓународниот Институт за Бизнис Анализа (МИБА) – Скопје со тим на експерти предводен од проф. д-р Дарко Лазаров со поддршка на Американските граѓани преку Американската Агенција за Меѓународен Развој (УСАИД). Ставовите на авторите изразени во Анализата за извозни потенцијали на македонската економија не ги изразуваат ставовите на Американската Агенција за Меѓународен Развој (УСАИД) и на Американската Влада.*

# Содржина

**1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА ЗА АНАЛИЗА НА ИЗВОЗНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ ........................................... 5**

1.1 Индикатор за извозен потенцијал (ИИП)........................................................................................ 5

1.2 Индикатор за производна диверзификација (ИПД) .......................................................................... 8

**2. ЕМПИРИСКА АНАЛИЗА НА ИЗВОЗНИТЕ ПЕРФОРМАНСИ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН......... 11**

**3. АНАЛИЗА НА ИНТРА-РЕГИОНАЛНАТА ТРГОВСКАТА РАЗЕМНА ПОМЕЃУ ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ........................................................................................................................... 25**

3.1 Анализа на интра-регионалната извозна структура на Северна Македонија............................... 27

3.2 Анализа на интра-регионалната извозна структура на Србија..................................................... 34

3.3 Анализа на интра-регионалната извозна структура на Босна и Херцеговина .............................. 40

3.4 Анализа на интра-регионалната извозна структура на Албанија................................................. 46

3.5 Анализа на интра-регионалната извозна структура на Црна Гора ................................................ 47

**4. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ И ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ ЗА РЕГИОНАЛНА ТРГОВСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ..................................................................................... 52**

4.1 Анализа на извозни потенцијали на Северна Македонија........................................................... 53

4.2 Анализа на извозни потенцијали на Србија .................................................................................. 59

4.3 Анализа на извозни потенцијали на Босна и Херцеговина........................................................... 66

4.4 Анализа на извозни потенцијали на Црна Гора ............................................................................ 72

**ЗАКЛУЧОК.............................................................................................................................. 75**

# ВОВЕД

Економската теорија и искуството од пракса јасно укажуваат дека регионалната интеграција и користењето на можностите за регионално поврзување може да имаат значајни позитивни ефекти за развојот на поединечните земји во рамки на еден регион и генерално за целиот регион. Оттука, процесот на регионално поврзување и интензивирање на економските, трговските и инвестициските релации помеѓу земјите од регионот на Западен Балкан може значително да придонесат во забрзување на економскиот раст и развој на поединечните земји од Западен Балкан[1].

Овие процеси на регионална интеграција, особено во трговската размена се реални затоа што земјите од регионот имаат помали транспортни трошоци што се должи на географската близина и веќе развиената меѓусебна инфраструктура, имаат заеднички културни вредности, слични јазици и слична политичка и општетствена рамка што им дозволува побрзо трговски да се интегрираат и економски да соработуваат. Веќе воспоставените бизнис релации помеѓу компаниите од секоја поединечна земја од регионот, многубројните регионални иницијативи вклучувајќи го Отворен Балкан, активностите на Коморскиот Инвестициски Форум во насока на зајакнување на бизнис релациите помеѓу земјите од Западен Балкан и подобрување на трговската и бизнис клима во регионот заедно со актвностите на ЦЕФТА за градење на единствен регионален пазар се придобивки кои приватниот сектор од регионот треба да ги искористат за зајакнување на економските, трговските и бизнис врските со цел обезбедување на заедничка корист за сите чинители од регионот.

Тргнувајќи од овие факти и реални претпоставки, основната цел на студијата за индентификување на можностите за регионална трговска и инвестициска соработка има за цел да ги мапира можностите за интензивирање на трговската размена помеѓу земјите од Западен Балкан на ниво на земја и производ. Истовремено, цел на студијата е идентификување на нови производи со поголем степен на финализизација и ниво на комплексност за кои поединечните земји од Западен Балкан и целиот регион има потенцијални компаративни предности да отпочне да ги произведува и извезува на трети пазари.

За остварување на поставената цел користиме современа научна методологија и релевантни податоци базирани на ниво на поединечен производ. Методологијата која што ја користиме во емпириското истражување е развиена од страна на Меѓународниот Центар за Трговија – Женева, за идентификување на извозни потенцијали и методологијата на Меѓународниот Центар за Развој при Универзитетот Харвард – САД за анализа на можностите за извозна диверзификација. Предмет на анализа се повеќе од 5.300 постоечки и потенцијални извозни производи согласно Меѓународниот хармонизиран царински систем на 6-цифрени тарифни броеви и шест пазари/земји во рамки на регионот на Западен Балкан.

Резултатите од оваа студија треба да им дадат корисен патоказ на компаниите во нивните напори за зголемување на трговската соработка и поголема присутност на регионалните пазари, а на креаторите на економските политики корисни информации за тоа како да го поддржат приватниот сектор во градење на поволен регионален амбиент за интензивирање на економската и трговската соработка на поединечните земји во регионот на Западен Балкан.

[1] Поради недостаток на податоци за Косово во дел од анализите оваа земја не е вклучена.

# 1. МЕТОДОЛОШКА РАМКА ЗА АНАЛИЗА НА ИЗВОЗНИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ

Во рамки на првиот дел од студијата која се однесува на компаративна анализа на извозните перформанси на земјите од Западен Балкан, користиме компаративна анализа базирана на користење на повеќе индикатори како што се извоз на добра и услуги по глава на жител, извоз како процент од БДП, број на извозни пазари, број на извозни производи кои земјите ги извезуваат со компаративна предност и други индикатори. Истовремено, со цел анализа на трговската размена на земјите од Западен Балкан користиме техника на квантифицирање на изворите на растот на извозот на ниво на поединечен производ. На крај, можеби најважно, во рамки на нализата за *идентификување на идните извозни потенцијали и можности за интензивирање на трговскта соработка* помеѓу земјите во рамки на регионот на Западен Балкан користиме **Индикатор за извозен потенцијал** (ИИП) на ниво на поединечна земја.

## 1.1 Индикатор за извозен потенцијал (ИИП)

**Индикаторот за извозен потенцијал ИИП** овозможува да се утврди идниот извозен потенцијал на постоечките производи кои земјата веќе ги извезува и за кои има изградено одредена конкурентска предност или препознатливост на меѓународните пазари. Со други зборови, овој индикатор ги мери *идните извозни потенцијали на постоечките извозни производи на сегашните или на нови извозни пазари/земји*.

**Овој индикатор** е базиран на **три компоненти**: **1)** Компонента на **понудата, 2)** Компонента на **побарувачка,** и **3)** Компонента која се однесува на **институционални поволности за меѓународно тргување**.

$$EP_{ijk} = Supply_{ik}^{EP} \times Demand_{ijk} \times Easiness_{ij}$$

**Првата компонента** на **ИИП** на страната на **понудата** се однесува на ***идните извозните капацитети*** мерени преку ***прокетирано идно пазарното учество*** и **корегирано за некои фактори** *(ре-извоз и глобална маргинална преференца)* кои можат да ја променат вистинската слика за реалните извозни перформанси:

$$Supply_{ik}^{EP} = ProjectedMS_{ik} \times ExIm_{ik} \times GTA_{ik}$$

**Првиот параметар** во равенката, $ProjectedMS_{ik}$, се однесува на **идното проектирано релативно пазарно учество** на земјата, $i$[2], во вкупниот светски извоз за некој конкретен производ, $k$.[3]

Овој параметар тргнува од фактот дека **идното пазарно учество** е детерминирано од постоечкото релативно учество и од проекциите за идниот раст на извозот на производот, $k$, од страна

[2] Во рамки на анализата станува збор за земјите од Западен Балкан како извозни земји кои се предмет на интерес.
[3] Предмет на анализа се повеќе од 5,300 производи согласно ХС-6 класификација на тарифни броеви.

на земјата, $i$, споредено со проектираниот раст на извозот на истиот производ од страна на останатите земји во светот кои го извезуваат тој производ[4].

$$ProjectedMS_{ik} = \frac{v_{ik} \times \Delta v_{ik}}{\sum_i (v_{nk} \times \Delta v_{nk})}$$

Дополнително, пресметката на индикаторот кој го мери извозниот потенцијал на ниво на поединечен производ го зема во предвид и ***параметарот за ре-извоз*** кој се вклучува во равенката со цел да обезбеди поголема релеватност при пресметките и да спречи било какви нереални резултати од аспект на капацитетот на понудата со оглед што ре-извозот на некој/и производи е реална појава.

$$ExIm_{ik} = min\left(1, \frac{Ex_{ik}}{Im_{ik}}\right)$$

Ова е особено оправдано во случајот на македонскиот извоз со оглед на фактот што постојат трговски компании кои увезуваат одредени производи и истите ги извезуваат во некои други земји од регионот. Со внесување во пресметката на овој параметар се елиминира можноста тие производи да бидат анализирани како производи со извозен потенцијал за македонската економија во услови кога истите не се произведуваат во Република Северна Македонија.

На крај, во првата компонента која се однесува на производните перформанси на страната на понудата е вклучен и *параметарот што ги мери* ***глобалната преференцијална маргина***.

$$GTA_{ik} = \left(\frac{1 + av.tariff_k}{1 + av.tariff_{ik}}\right)$$

Овој параметар практично се користи за проценка на евентуалните царински предности за извоз на некој производ од конкретната земја споредено со царинските предности за извоз на тој производ од страна на останатите извозни земји.

Имено, ако нумераторот кој ја покажува просечната царинска стапка што земјите кои го увезуваат производ, $k$, ја наметнуваат кон извозните земји е поголем од деноминаторот кој ја покажува просечната царинска стапка што увозните земји на производот, $k$, ја наметнуваат за Македонија како извозна земја на тие пазари, се смета дека земјата има царински предности во однос на останатите извозни земји што го зголемува извозниот капацитет на земјата за конкретниот производ.

**Втората компонента** на **ИИП** ги мери **потенцијалите и можностите на страната на побарувачката** преку проценка на проектираната увозна вредност, географската локација/одалеченост, како и проценка на факторите кои се однесуваат на отвореноста и трговските поволности што ги има земјата при извоз на конкретен производ на таргетиран пазар.

$$Demand_{ijk} = ProjectedM_{jk} \times MTA_{ijk} \times Distance_{ijk}$$

***Првиот параметар*** на оваа компонента го мери ***увозниот потенцијал за секој производ на секој поединечен пазар т.е. потенцијалната увозна побарувачка***.

$$ProjectedM_{jk} = v_{jk} \times \left(\frac{\Delta GDP_j}{\Delta Pop_j}\right)^{E_M, GDP_j} \times \Delta Pop_j$$

---

[4] Проекциите за идниот раст на извозот на некој производ е базиран на пресметка на вредноста на извозот надградена со очекуваната стапка на раст на земјата во однос на вредноста на извозот на останатите земји надградено со очекуванаnите стапки на раст на тие земји.

*Потенцијалната увозна побарувачка* се пресметува преку анализа на тековната побарувачка (вредност на увоз) за конкретниот производ за секој пазар/земја поединечно надградена со стапката на раст на популацијата и стапката на економски раст по глава на жител[5] на секој таргетиран пазар/земја поединечно.

Стапката на раст на популацијата и стапката на економски раст по глава на жител имаат значајна улога во детерминирање на идната побарувачка на одреден пазар и поради тоа се вклучени во самата пресметка како значаен фактор што го вклучува идниот потенцијал на побарувачката. Истовремено, како алтернатива за растот на БДП по глава на жител и растот на популацијата во пресметките ќе ги земеме во предвид и стапките на раст на увозот во изминатите 5 години како основа за проценка на идниот раст во наредните 5 години.

***Вториот параметар*** се однесува на ***преференцијална маргина на таргетираниот пазар*** **и истата ги мери** ***потенцијалните трговски и царински предности*** што земјата ги ужива при извоз на некој конкретен производ на таргетиран пазар споредено со останатите земји кои извезуваат на тој пазар.

$$MTA_{ijk} = \left(\frac{1 + av.tariff_{jk}}{1 + av.tariff_{ijk}}\right)$$

Ако царинските стапки за извоз на некој производ од конкретната земја на некој таргетиран пазар се помали во однос на царинските стапки што таргетираниот пазар ги наметнува кон останатите извозни земји, тогаш може да кажеме дека конкретната земја има царинска предност при извоз на конкретниот производ на таргетираниот пазар во однос на останатите извозни земји кои извезуваат на тој пазар. Тоа се разбира ќе влијае позитивно на целокупниот извозен потенцијал на тој производ на таргетираниот пазар.

***Третиот параматер*** на оваа компонента се однесува на ***евентуалните предности од аспект на географската одалеченост*** на извозната земја од таргетираниот пазар споредено со географската одалеченост на останатите извозници на тој пазар.

$$Distance\ factor = e^{-\left|av.\log distance_{jk} - log\ distance_{ij}\right|}$$

Сите знаеме дека транспортните трошоци, кои во голема мера се детерминирани од географската одалеченост, имаат значајна улога во цената на чинење на секој производ, па оттука конкуретноста на една земја споредено со останатите земји во еден дел е детерминирана токму од географската одалеченост и поради тоа овој фактор е земен во предвид како значаен при пресметка на самиот индикатор за мерење на извозните потенцијали.

Сепак, она што треба да го имаме во предвид е фактот што за некои производи географската далечина има поголема важност за разлика од некои други производи за кои географската одалеченост има помало значење т.е. едни производи се сензитивни, додека други се помалку сензитивни на географската одалеченост и транспортните трошоци. Имено, производите кои во просек се тргуваат на поголема далечина се производи за кои транспортните трошоци имаа помала важност, споредено со тие производи кои поради својата специфичност се тргуваат на пократка далечина.

Оттука, оние производи кои се тргуваат на поголема далечина се производи за кои земјата може да има конкурентска предност дури и во услови кога таргетираниот пазар е значително одалечен. Во спротивно, производите кои во просек се тргуваат на пократка далечина, се производи за кои земјата

[5] Стапка на економски раст по глава на жител е пондерирана врз база на коефициент на доходовна еластичност на увозната побарувачка по глава на жител на ниво на група на производи.

може да има релативно поголема конкурентска предност само ако таргетираниот пазар е помала географска одалеченост.

На крај, **третата компонента** се однесува на ***поволностите за тргување***. Оваа компонента е базирана на *односот помеѓу вредноста на актуелната трговија помеѓу извозната земја и конкретниот пазар за одредени потенцијални производи и вредноста на трговијата која би можела да се оствари под претпоставка извозната земја да има исто учество на конкретниот пазар како учеството на останатите глобални пазари каде извезува*.

$$Easiness_{ij} = \frac{v_{ij}}{\sum_k \left(Supply_{ik}^{EP} \times Demand_{ijk}^{Static}\right)}$$

Ако вредноста на параметарот **Easy > 1**, се претпоставува дека условите за тргување со конкретната земја се поповолни во однос на условите за тргување/извоз со останатите земји. Таквите услови за тргување може да бидат поповолно поради повеќе причини како што се културни и јазични сличности, добро воспоставени институционални, комерцијални и бизнис врски.

Врз база на трите поединечни компоненти се пресметува **финалниот индикатор** кој ја мери ***вкупната потенцијалната вредност на извозот***, додека ***разликата помеѓу вкупната потенцијална и актуелна вредност на извозот ги илустрира неискористените извозни можности*** **т.е. потенцијалната вредност на извозот** која сеуште не е искористена или со други зборови вредноста на извоз која може да се оствари во иднина од страна на извозните компании на таргетираните пазари на ниво на поединечни извозни производи.

$$Unrealized\ Potential_{ijk} = EP_{ijk} - \min(v_{ijk}, EP_{ijk})$$

Во рамките на студијата за мапирање на извозните потенцијали на македонската економија, **методологијата за мапирање на извозните потенцијали** развиена од страна на Меѓународниот Центар за Трговија – Женева **ќе биде надополнета и надградена** од страна на самите автори со цел поголема релеватност на резултатите од истражувањето и посоодветно прилагодување на конкретните услови и специфичност на случајот на македонската економија.

## 1.2 Индикатор за производна диверзификација (ИПД)

**Индикаторот за производна диверзификација** го мери *извозниот потенцијал на нови производи* кои земјата не ги извезува или ad hoc ги извезува во мали незначителни количини, но истовремено *производи за кои земјата поседува реални економски претпоставки и потенцијални компаративни предности* да започне редовно да ги извезува на меѓународните пазари.

Пресметката на овој индикатор се одвива во **неколку фази**. Во **првата фаза** се **идентификуваат нови извозни производи** *со најголем потенцијал да отпочнат да се произведуваат и извезуваат* т.е. производи со најголеми потенцијални компаративни предности.

Потенцијалните компаративни предности за отпочнување на производство и извоз на нови производи во голема мера се детерминирани од постоечката извозна структура, односно од производите за кои земјата има веќе изградено производни способности и компаративни предности. За илустрација, една земја која има производни способности и компаративни предности за производство на основни прехранбени производи е многу веројатно да отпочне производство на здрава храна, отколку да отпочне производство на електрични возила ако нема никакви претходни капацитети, традиција, знаење во автомобилска индустрија.

Не само во рамките на исти индустрии, блиски производи постојат и помеѓу различни индустрии. Всушност, многу е полесно ако земјата произведува производи од железо и челик да отпочне да произведува некои производи од металопреработувачка или машинска индустрија како што се челични цевки, земјоделски алати или поедноставни текстилни или друг тип на машини, отколку да отпочне производство на машини кои се автоматизирани и компјутеризирани ако претходно земјата не е специјализирана за производство на електорника или за такви слични техничко-технолошки софистицирани апарати и машини.

Оттука, за идентификување на нови извозни производи кои се слични со постоечките извозни производи ќе биде користена “**product space” методологија** развиена од страна на Центарот за Меѓународен Развој при Универзитетот Харврад – САД (Hausmann and Klinger, 2007 и Hausmann et al., 2007).

Истата е базирана на матрица на **парови на производи** и на **т.н. density индекс (индекс на густина)** кој ја мери *поврзаноста помеѓу производите за кои земјата има веќе изградени компаративни предности и оние производи кои во ланецот на снабдување се најблиску до нив од аспект на сличност во производните процеси*.

Близината и поврзаноста на производите се анализа од аспект на сличноста на производните способности кои ги користат во производниот процес. Со други зборови, ако два производи се поврзани/слични помеѓу себе, заради тоа што за нивно производство се потребни слични институции, инфраструктура, машини, канали на дистрибуција, менаџмент и маркетинг практики, специфична работна сила, технологија или одредена комбинација на прозводни фактори, тогаш истите тие производи се карактеризираат како слични производи и веројатноста да бидат извезувани во тандем (како пар) од најголем број на земји е исклучително голема.

**Првиот чекор** во пресметка на **density индексот (индекс на густина)** е *проучување на постоечката извозна структура* и *идентификување на извозните производи за кои земјата има веќе изградени компаративни предности.*

За таа цел, најпрво го пресметуваме **Индексот на компаративни предности (Revealed Comparative Advantage – RCA**) што претставува најрелевантен индикатор кој покажува дали земјата има компаративни предности во извоз на некој производи. Овој индекс е креиран од страна на економистот Balassa во 1965 година (Balassa, 1965) и истиот се пресметува согласно форумулата подолу:

$$RCA_{c,i,t} = \frac{x_{c,i,t} \Big/ \sum_i x_{c,i,t}}{\sum_c x_{c,i,t} \Big/ \sum_i \sum_c x_{c,i,t}}$$

Изразот во броителот го покажува релативното учество на производот во вкупниот извоз на земјата, додека изразот во именителот го покажува релативното учество на производот што го извезуваат сите земји во вкупниот светски извоз[6].

Со цел да се елиминираат одредени слабости кај индексот на компаративни предности дополнително во пресметка на компаративните предности на постоечките извозни производи се земаат во предвид **ре-извозот** и **глобалната маргинална преференца** која се однесува на евентуалните царински предности на земјата при извоз на конкретен производ.

[6] Овој индекс покажува дека учеството на производот во вкупниот извоз на земјата е поголем од учеството на тој производ во извозот на сите останатити земји кои истиот го произведуваат и извезуваат. Еден производ има компаративна предност ако вредноста, RCA>1. Тоа значи дека релативните трошоци за производство на тој производ во земјата се помали во однос на трошоците за производство на истиот производ во некоја друга земја.

$$CA_{ik} = ProjectedRCA_{ik} \times ExIm_{ik} \times GTA_{ik}$$

**Вториот чекор** е *проучување на сличноста која постои помеѓу производите* кои се предмет на меѓународна трговија и идентификување на нови производи кои се слични со оние производи кои земјата веќе ги извезува со компаративна предност.

За таа цел, користиме **матрица на парови на производи**:

$$\Delta = \begin{bmatrix} 0 & \delta_{1,2} & \delta_{1,3} & \cdots & \delta_{1,n} \\ & \ddots & \delta_{2,3} & \ddots & \vdots \\ & & \ddots & \ddots & \vdots \\ & & & \ddots & \delta_{n-1,n} \\ & & & & 0 \end{bmatrix}$$

при што, растојанието помеѓу секој производ се мери како минимум на условната веројатност дека паровите на производи, *i* и *j*, во годината, *t* , истовремено се извезуваат со компаративна предност, што се нарекува **проксимативност**:

$$\varphi_{i,j,t} = \min\left\{P\left(x_{i,t} \middle| x_{j,t}\right), P\left(x_{j,t} \middle| x_{i,t}\right)\right\}$$

каде,

$$x_{c,i}, x_{cj} = \begin{cases} 1..ако..RCA_{ij} \geq 1..за..земјата...c \\ 0..ако..RCA_{ij} \leq 1..за..земјата...c \end{cases}$$

Врз база на погоре елаборираниот модел на парови на производи и проксимативност ќе го пресметаме т.н. **индекс на густина** на ниво на поединечен производ.

Овој индекс се користи за идентификување на оние производи за кои земјата има најголема веројатност да оттпочне да ги произведува и извезува со компаративна предност со оглед што истите се слични (од аспект на производните способности и инпути што се користат во производниот процес) со постоечките производи што земјата веќе ги произведува и извезува со компаративна предност.

**Индексот на густина „density index“** ја мери *просечната веројатност дека производот може да отпочне да се произведува и извезува согласно постоењето на слични на него производи во постоечката производна и извозна структура на земјата*. Овој индекс може да се претстави преку следната формула (Hausmann and Rodrik, 2005):

$$Density_{ik} = \frac{\sum_j x_i \varphi_{ijk}}{\sum_j \varphi_{ijk}}$$

каде, поголемата вредност на индексот покажува дека земјата веќе произведува и извезува многу слични производи на производот, *j*, што укажува дека веројатноста да отпочне да го произведува конкретниот производ е голема.

Спроведувањата на оваа анализа ќе биде направена со користење на неколку компјутерски и софтверски програми специјализирани за обработка и систематизација на поголема серија на податоци за одделни производи со оглед на фактот што самата анализа подразбира огромен број на податоци кои треба да бидат обработени.

За илустрација, како што погоре беше споменато ќе бидат анализирани повеќе од 5.300 производи, при што, за потребите на матрицата на парови на производи секој од овие производи треба да биде анализиран со секој друг производ помеѓу себе како пар на производи, што математички е истражување базирано на повеќе од 30 милиони опсервации.

Врз база на добиените резултати за вредноста на индексот на густина за секој поединечен производ што ја одредува веројатноста дали некој производ согласно постоечката производна и извозна структура во земјата може да отпочне да се произведува и извезува со компаративна предност, потребно е да се направи селекција според вредноста на PRODY индексот кој го мери степенот на софистицираност на секој производ бидејќи идејата е да се идентификуваат само оние производи кои имаат повисок степен на финализација и поголема додадена вредност, а не сите производи за кои земјата има потенцијални компаративни предности и реални економски претпоставки да ги произведува и извезува.

На крај, **третиот чекор** е пресметка на **индикатор на производна диверзификација** (**ИПД)** кој се состои од три параметри:

$$DP_{ijk} = Supply_{ik}^{EP} \times Demand_{ijk} \times Easiness_{ij}$$

Првиот параметар кој се однесува на производниот и извозниот капацитет на страна на понудата е претставен преку индексот на густина, $Supply_{ik}^{EP} = Density_{ik}$, додека вториот и третиот параметар кои се однесуваат на увозниот потенцијал на страна на побарувачката и поволностите за тргување се пресметуваат на истиот начин како кај индикаторот за извозен потенцијал.

## 2. ЕМПИРИСКА АНАЛИЗА НА ИЗВОЗНИТЕ ПЕРФОРМАНСИ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

Во рамки на првиот дел од студијата се анализираат извозните перформанси на земјите од Западен Балкан (Србија, Северна Македонија, Косово, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Албанија) како таргет земји во самата анализа, додека во рамки на компаративната анализа како споредбена основа дополнително се вклучени земјите од Вишеградската група (Унгарија, Словачка, Чешка и Полска), како и Хрватска и Словенија како земји во рамки на поширокиот регионот на Југо-Источна Европа (ЈИЕ).

Во табелата се дадени кодовите на секоја земја и целиот назив на земјите кои се вклучени во рамки на самата анализа. Како што може да се забележи од самата табела вклучени се вклпно 12 земји од регионот на ЈИЕ кои ќе бидат предмет на самата анализа, при што, кодовите на земјите се земени согласно меѓународна класификација на земји.

| Country code | Country name |
|---|---|
| SVN | Slovenia |
| CZE | Czechia |
| SVK | Slovak Republic |
| HUN | Hungary |
| POL | Poland |
| HRV | Croatia |
| MKD | North Macedonia |
| SRB | Serbia |
| BIH | Bosnia and Herzegovina |
| KOS | Kosovo |
| ALB | Albania |
| MNE | Montenegro |

Извозните перформанси на земјите вклучени во анализата се анализирани врз база на користење на повеќе индикатори и параметри кои мерат различни аспекти на извозот и извозните капацитети на земјите.

Имено, како клучни индикатори за анализа на извозните перформанси на кои се базира самата компаративна анализа се:

1) Извоз на добра и услуги по глава на жител
2) Извоз на добра по глава на жител мерен во американски долари и раст на извозот на добра во последните пет години изразен во %

3) Извоз на добра и услуги (како % од БДП) и БДП по глава на жител мерен во американски долари
4) Извозна диверзификација (производи и пазари) и БДП по глава на жител мерен во американски долари
5) Извозна стандардност и БДП по глава на жител мерен во американски долари

Првиот дел од компаративната анализа за извозните перформанси на земјите од Западен Балкан се однесува на анализа на **извозот на добра и услуги по глава на жител** како еден од најсинтетичките показатели кој ги мери извозните перформанси на земјите.

Резултатите од анализата покажуваат дека земјите од Вишеградската група имаат значително повисоко ниво на извоз по глава на жител споредено со земјите од Западен Балкан. Само за илустрација, земјите од Вишеградската група (Словачка, Чешка, Полска и Унгарија) имаат просечно ниво на извоз на добра и услуги по глава на жител од 17.410 американски долари, додека земјите од Западен Балкан (Македонија, Србија, Албанија, БИХ, Црна Гора и Косово) имаат иззвоз на добра и услуги по глава на жител од 3.385 американски долари, што значи повеќе од 5 пати повисоко ниво.

Словенија со вредност на извоз на добра и услуги по глава на жител од 25.995 американски долари е земја со најдобри извозни перформанси согласно овој параметар, додека земјите од Вишеградската група се исто така високо рангирани согласно овој параметар споредено со земјите од Западен Балкан. Имено, Чешка има извоз на добра и услуги по глава на жител од 23.626 американски долари, Словачка од 20.066 америкаснки долари, Унгарија од 15.272 американски долари, додека Полска има извоз на добра и услуги по глава на жител од 10.424 американски долари.

**Табела 1.** Извоз на добра и услуги по глава на жител

| Земја | Извоз на добра и услуги по глава на жител, долари |
|---|---|
| **Словенија** | 25.995 |
| **Чешка Република** | 23.626 |
| **Словачка** | 20.066 |
| **Унгарија** | 15.272 |
| **Полска** | 10.424 |
| **Хрватска** | 9.068 |
| Просек | **17.410** |
| **Србија** | 5.029 |
| **Северна Македонија** | 4.443 |
| **Црна Гора** | 4.055 |
| **Босна и Херцеговина** | 3.048 |
| **Албанија** | 1.988 |
| **Косово** | 1.761 |
| Просек | **3.385** |

Извор: Пресметки на авторите брз база на податоци од Светска банка

Од друга страна, како што потенциравме земјите од Западен Балкан имаат значително пониско ниво на извоз на добра и услуги по глава на жител. Имено, Србија како земја со најдобри извозни перформанси согласно овој параметар има вредност на извоз од само 5.029 американски долари, додека извозот на добра и услуги по глава на жител на Косово како земја со најлоши извозни перформнаси е само 1.761 американски долари. Република Северна Македонија има извоз на добра и услуги по глава на жител од 4.443 американски долари, Црна Гора од 4.055 американски долари, Босна и Херцеговина од 3.048 американски долари, додека извозот на добра и услуги по глава на жител во Албанија изнесува 1.988 американски долари.

Ова е илустрација за значителни разлики во извозните перформанси на земјите од Вишеградската група вкучително и Словенија и Хрватска, наспорти земјите од регионот на Западен Балкан (Србија, Северна Македонија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија и Косово). Овие

заклучоци особено се изразени кога станува збор за извоз на добра по глава на жител имајќи во предвид дека со исклучок на Хрватска во чија извозна структура услугите имаат значајно влијание и учество, како и Словенија каде исто така извозот на услуги во структурата на вкупниот извоз на земјата не е незначителен, кај земјите од Вишеградската група извозот на добра има доминантно учество во вкупниот извоз.

Од друга страна, Црна Гора од групата на земјите од Западен Балкан е земја со значајно учество на извозот на услуги во вкупниот извоз поради развиениот туристички сектор, но истовремено Албанија, Северна Македонија и Косово се земји со незанемарувачко учество на услугите во вкупниот извоз на секоја поединечна земја. Кај Северна Македонија и Србија тоа е повеќе резултат на извоз на ИКТ услуги, додека кај Албанија тоа е пред се резултат на секторот туризам како значајна национална гранка.

Подолу на сликата се визуелизирани извозните перформанси на анализираните земји од регионот на Југо-Источна Европа и Западен Балкан гледано низ призмата на вредност на извоз на добра и услуги по глава на жител изразени во американски долари.

**Графикон 1.** Извоз на добра и услуги по глава на жител




**Извор:** Пресметки на авторите

Она што исто така е важно во рамки на оваа компаративна анализа на извозните перформанси на земјите од Западен Балкан vis-a-vis земјите од Вишеградската група вклучувајќи ја тука Словенија и Хрватска како земји од поширокиот регион е динамиката на **раст на извозот на добра и услуги** во изминатиот период. За таа цел, ја анализираме динамиката на раст на извозот на добра и услуги по глава на жител во период од пет години (2017-2021).

Резултатите од анализата покажуваат дека земјите од Западен Балкан имаат повисоки стапки на раст на извозот споредено со Вишеградските земји.

**Табела 2**. Просечна годишна стапка на раст на извозот

| Земја | Просечна годишна стапка на раст на извозот, % |
|---|---|
| **Словенија** | 12.2% |
| **Чешка Република** | 7.2% |
| **Словачка** | 6.5% |
| **Унгарија** | 7.1% |

| Земја | Просечна годишна стапка на раст на извозот, % |
|---|---|
| **Полска** | 10.9% |
| **Хрватска** | 11.% |
| Просек | **9.2%** |
| **Србија** | 12.0% |
| **Северна Македонија** | 12.0% |
| **Косово** | 20.2% |
| **Босна и Херцеговина** | 11.5% |
| **Албанија** | 14.2% |
| **Црна Гора** | 8.1% |
| Просек | **13%** |

Извор: Пресметки на авторите брз база на податоци од Светска банка

Имено, просечната годишна стапка на раст на извозот на добра и услуги кај земјите од Западен Балкан во анализираниот период е 13%, наспорти просечната стапка на раст од 9.2% кај Вишеградските земји вклучувајќи ја Словенија и Хрватска. Ова во голема мера се должи на исклучително високиот раст на извозот на Косово кој што има мало релативно учество во вкупниот извоз на Западен Балкан, додека растот на извозот на другите земји од Западен Балкан (кој се движи околу 12%) не е значително поголем споредено со земјите од ЈИЕ како што е Полска, Хрватска и Словенија кои исто така имаат просечни стапки на раст на извозот од околу 11-12%.

Сепак, Словачка и Унгарија се земји од ЈИЕ кои имаат релативно пониски стапки на раст на извозот на добра и услуги во анализираниот период, 6.5% и 7.1%, респективно споредено со земјите од Западен Балкан. Прилично полоши стапки на раст на извозот од 7.2% во анализираниот период бележи и Чешка, додека Црна Гора е земја од Западен Балкан со најсиска просечната стапка на раст на извозот од само 8.1%.

Подолу на сликата е визуелизирани извозната динамика на селектираните земји од регионот на Југо-Источна Европа и Западен Балкан во анализираниот период.

**Графикон 2.** Извоз на добра и услуги по глава на жител и просчена годишна стапка на раст на извозот (2017-2021)




**Извор:** Пресметки на авторите

Ако овие извозни перформанси ги ставиме во корелација со нивото на БДП може да заклучиме дека постои позитивна и статистички значајна корелациска поврзаност помеѓу извозот на добра и услуги по глава на жител и нивото на БДП на анализираните земји.

Имено, земјите кои имаат високо ниво на извоз на добра и услуги се истовремено земји со значително повисоко ниво на БДП по глава на жител (тоа се земјите од Вишеградската група вклучувајќи ја Словенија и Хрватска), додека земјите со пониско ниво на извоз по глава на жител истовремено се земји кои имаат пониско ниво на БДП по глава на жител (тоа се земјите од регионот на Западен Балкан).

Ова ја потенцира важноста на извозните перформанси за нивото на економска развиеност на земјите и укажува дека за мали отворени економии како што тоа е случај со поголем број од анализираните земји од ЈИЕ една од најважните работи е јакнење на извозната конкурентност и подобрување на извозните перформанси.

Подолу е дадена слика за **корелациската поврзаност помеѓу извозот на добра и услуги по глава на жител и нивото на БДП по глава на жител**.

**Графикон 3.** Корелација помеѓу извоз по глава на жител и БДП по глава на жител




**Извор:** Пресметки на авторите

За илустрација, Словенија како земја со најголем извоз на добра и услуги по глава на жител од 25.995 американски долари во исто време е земја со највисок БДП по глава на жител од 29.291 американски долари. Од друга страна, Косово како економија која има најниско ниво на извоз на добра и услуги по глава на жител од 1.761 американски долари во исто време е земја со најниско ниво на БДП по глава на жител од само 5.270 американски долари.

Земјите од Вишеградската група вклучувајќи ја Словенија и Хрватска со просечна вредност на извоз на добра и услуги по глава на жител од 17.410 американски долари во исто време се земји со највисоко просечно ниво на БДП по глава на жител од 21.986 американски долари. Од друга страна, земјите од Западен Балкан со значително помало просечно ниво на извоз на добра и услуги по глава на жител од 3.385 американски долари во исто време се земји кои имаат значително помало ниво на БДП по глава на жител од само 7.383 американски долари.

Ова е потврда на тезата дека за мали отворени економии како што тоа е случај со најголем број на земјите од ЈИЕ еден од клучните фактори за економски раст е токму извозот што значи дека земјите од Западен Балкан доколку сакаат во иднина да ги подобрат своите економски перформанси, односно

да го зголемат нивото на економска развиеност треба да работат на подобрување на извозната конкурентност.

**Табела 3.** Извоз на добра и услуги по глава на жител и БДП по глава на жител

| Земја | Извоз на добра и услуги по глава на жител, долари | БДП по глава на жител, долари |
|---|---|---|
| **Словенија** | 25.995 | 29.191 |
| **Чешка Република** | 23.626 | 26.821 |
| **Словачка** | 20.066 | 21.392 |
| **Унгарија** | 15.272 | 18.728 |
| **Полска** | 10.424 | 18.000 |
| **Хрватска** | 9.068 | 17.685 |
| Просек | **17.410** | **21.986** |
| **Србија** | 5.029 | 9.230 |
| **Северна Македонија** | 4.443 | 6.695 |
| **Црна Гора** | 4.055 | 9.466 |
| **Босна и Херцеговина** | 3.048 | 7.143 |
| **Албанија** | 1.988 | 6.493 |
| **Косово** | 1.761 | 5.270 |
| Просек | **3.385** | **7.383** |

Извор: Пресметки на авторите брз база на податоци од Светска банка

**Вториот индикатор** кој го користиме за мерење на извозните перформански на земјите од Западен Балкан е **извозот на добра и услуги како процент од БДП**. И согласно овој индикатор земјите од Вишеградската група вклучувајќи ја Словенија и Хрватска имаат значително подобри перформанси споредено со земјите од Западен Балкан.

**Табела 4.** Извоз на добра и услуги по глава на жител и БДП по глава на жител

| 1. **Земја** | Извоз на добра и услуги (% од БДП) | БДП по глава на жител, долари |
|---|---|---|
| 2. **Словенија** | 83.6% | 29.191 |
| 3. **Чешка Република** | 72.7% | 26.821 |
| 4. **Словачка** | 93.8% | 21.392 |
| 5. **Унгарија** | 81.5% | 18.728 |
| 6. **Полска** | 57.9% | 18.000 |
| 7. **Хрватска** | 51.43% | 17.685 |
| 8. **Просек** | **72.5%** | **21.986** |
| 9. **Србија** | 54.5% | 9.230 |
| 10. **Северна Македонија** | 66.2% | 6.695 |
| 11. **Црна Гора** | 42.8% | 9.466 |
| 12. **Босна и Херцеговина** | 42.7% | 7.143 |
| 13. **Албанија** | 30.6% | 6.493 |
| 14. **Косово** | 33.4% | 5.270 |
| 15. **Просек** | **45%** | **7.383** |

Извор: Пресметки на авторите брз база на податоци од Светска банка

Имено, највисоко ниво на извоз како процент од БДП има Словачка со 93.8%, Словенија со 83.6%, Унгарија со 81.5% како и Чешка со 72.7%. Од друга страна, земјите од регионот на Западен Балкан како што е Босна и Херцеговина со 42.7% извоз како процент од БДП, Косово со 33.4% и Албанија со 30.6% се земји кои се вбројуваат во групата земји со најлоши извозни перформанси мерени според овој показател. Исклучок според овој индикатор е Северна Македонија која има 66.2% извоз како процент од БДП што значително подобро ниво споредено со нивото на БДП по глава на жител на земјата.

Од групата на Вишеграските земји Полска е земја со најниско ниво на извоз како процент од БДП (57.9%) што се должи на фактот што Полска во исто време е најголема земја од сите анализирани земји со најголем апсолутен БДП. Од друга страна, Србија од групата на земји од Западен Балкан после Северна Македонија е земја со највисок извоз како процент од БДП (54.5%).

Генерално, извозот на Вишеградските земји вклучувајќи ја Словенија и Хрватска во просек достигнува 72.5% во БДП, додека тој процент кај земјите од Западен Балкан е 45%. Ова е само уште една илустрација за значителните разлики во извозните перформанси кај двете груп на земји кои се анализираат во студијата.

Ако овие **извозни перформанси мерени преку извозот како % од БДП ги ставиме во корелација со нивото на БДП** на секоја поединечна земја може да заклучиме дека земјите со високо ниво на извоз како процент од БДП се истовремено земји со највисоко ниво на БДП по глава на жител.

**Графикон 4.** Корелација помеѓу извоз (% од БДП) и ниво на БДП по глава на жител




**Извор:** Пресметки на авторите

Графиконот погоре ја илустрира корелациската поврзаност помеѓу извозот како процент од БДП и нивото на БДП по глава на жител, при што, може да се забележи позитивна и статистички значајна поврзаност помеѓу овие две варијабли.

Како исклучоци се Северна Македонија која има значително високо ниво на извоз по глава на жител во однос на достигнатото ниво на БДП по глава на жител, но тоа е резултат на фактот што значаен дел од извозот на Северна Македонија е базиран на извозот на странските компании во и надвор од ТИР зоните каде домашната додадена вредност на извозот е релативно мал поради фактот што постои ниска поврзаност помеѓу странските компании и домашната економија.

Ова ја потврдува тезата дека извозните перформанси во регионот на Југо-Источна Европа имаат силно влијание врз нивото на економска развиеност на поединечните земји што води до заклучок дека остварувањето на повисоко ниво на економска развиеност во голема мера е детерминирано од извозните перформанси на земјите. Оттука, оние земји кои сакаат да го забрзат својот економски развој и да се приближат до земјите со поголемо ниво на економски развој мора да работат на јакнење на извозниот сектор и подобрување на извозните перформанси.

Во рамки на **компаративната анализа на извозните перформанси** покрај класичните индикатори за мерење на извозните перформанси кои погоре беа елеаборирани, во студијата се користи дополнителен сет на параметри кои мерат различни аспекти на извозните перфоманси на одделните земји кои се предмет на анализа во рамки на оваа регионална студија.

Како група на **индикатори** кои се користат во компаративната анализа на извозните перформанси на земјите од ЈИЕ и Западен Балкан се:

1) Број на извозни пазари
2) Број на извозни производи
3) Извозна структура т.е. извозни производи со компаративна предност
4) Ниво на извозна комплексност
5) Ниво на извозна стандардност

Сите овие параметри се значајни за мерење на извозните перформанси, при што, првите три го мерат нивото на извозна концентрација т.е. нивото на извозна диверзификација од аспект на број на извозни производи и пазари, додека другите две ја анализираат структурата, односно квалитативните аспекти на извозот на секоја поединечна земја.

Еден од клучните **индикатори за мерење на нивото на извозна концентрација т.е. извозна диверзификација е бројот на пазари на кои одредена земја ги пласира своите производи**. Оттука, во рамки на оваа студија е анализиран бројот на извозни земји/пазари на кои поединечните земји извезуваат со вредност поголема од 1 милион долари.

Резултатите од анализата покажуваат дека Полска е земја со најголем број на извозни пазари со вредност поголема од 1 милион долари. Всушност, Полска извезува на дури 178 пазари со вредност поголема од 1 милион долари и тие земји се простираат на сите континетни во светот што секако ја прави оваа земја како најдиверзифицирана од аспект на бројот на извозни пазари. Чешка е втора земја од аспект на овој индикатор со речиси 160 извозни пазари на кои ги пласира своите производи.

**Табела 5.** Број на извозни пазари со вредност на 1 мил. долари

| Земја | Број на извозни пазари > 1 милион долари |
|---|---|
| **Полска** | 178 |
| **Чешка Република** | 158 |
| **Унгарија** | 147 |
| **Словачка** | 141 |
| **Словенија** | 122 |
| **Србија** | 109 |
| **Хрватска** | 104 |
| **Босна и Херцеговина** | 79 |
| **Северна Македонија** | 58 |
| **Албанија** | 46 |
| **Црна Гора** | 32 |

**Извор:** Пресметки на авторите

Останатите земји од Вишеградската група вклучувајќи ја Словенија и Хрватска се вбројуваат во групата на земји со високо ниво на извозна диверзификација мерена според број на извозни пазари каде земјите извезуваат со вредност поголема од 1 милион долари, додека земјите од регионот на Западен Балкан се карактеризираат како високо извозно концентрирани земји кои своите производи ги пласираат на мал број извозни пазари.

За илустрација, Црна Гора извезува со вредност на 1 милион долари на само 32 пазари, Албанија на само 46 пазари, додека Северна Македонија на 58 пазари. Србија како земја од групата земји од регионот на Западен Балкан е земја со најголем број на извозни пазари (109) што е очекувано ако се земе во превид нејзината големина и капацитет кој го поседува. Наспорти се другите земји од

регионот на Западен Балкан кои се релативно мали и без големи ресурси и капацитет да извезуваат на поголем број пазари.

Ако овој параметар го ставиме во однос со нивото на БДП по глава на жител може да констатираме дека земјите кои извезуваат на поголем број на извозни пазари во исто време се земји кои имаат повисоко ниво на БДП по глава на жител што е случај со Вишеградските земји вклучувајќи ја овде и Словенија.

Од друга страна, земјите кои извезуваат на мал број на извозни пазари се земји кои имаат ниско ниво на БДП по глава на жител што секако е случај со најголем дел од земјите во регионот на Западен Балкан.

Подолу на сликата може да се види позитивната и статистички значајна корелациска поврзаност помеѓу бројот на извозни пазари и нивото на БДП по глава на жител за земјите од Југо-Источна Европа.

**Графикон 5.** Број на извозни пазари и ниво на БДП по глава на жител




**Извор:** Пресметки на авторите

**Вториот индикатор** кој го мери нивото на извозна концентрација т.е. извозна диверзификација е **бројот на извозни производи што одредена земја ги произведува и извезува**, при што, овде како минимален праг земаме производите кои земјите ги извезуваат со вредност над 1 милион долари или над 500.000 долари.

Резултатите покажуваат дека земјите од Вишеградската група извезуваат најголем број на извозни производи со вредност поголема од 1 милион долари и 500.000 долари. Имено, Полска извезува 3.547 производи со вредност над 500.000 долари, Чешка извезува вкупно 3.322 производи со вредност над 500.000 долари, Унгарија извезува 2.304 производи, додека Словачка извезува 2.121 производ.

**Табела 6.** Број на извозни производи со вредност над 500.000 американски долари

| Земја | Број на извозни производи со вредност над 500.000 долари |
|---|---|
| **Полска** | 3.547 |
| **Чешка Република** | 3.322 |

| Земја | Број на извозни производи со вредност над 500.000 долари |
|---|---|
| **Унгарија** | 2.475 |
| **Словачка** | 2.304 |
| **Словенија** | 2.121 |
| **Хрватска** | 1.665 |
| **Србија** | 1.570 |
| **Босна и Херцеговина** | 738 |
| **Северна Македонија** | 498 |
| **Албанија** | 169 |
| **Црна Гора** | 97 |

**Извор:** Пресметки на авторите

Од друга страна, земјите од регионот на Западен Балкан извезуваат значително помал број на производи со вредност поголема од 500.000 долари или со вредност поголема од 1 милион долари. Имено, Црна Гора е земјата со најмал број на извозни производи (само 97 производи), додека Србија е земја со најголем број на извозни производи споредено со другите земји од регионот на Западен Балкан. За илустрација ќе направиме компарација помеѓу Северна Македонија и Словенија кои се слични според големината, но сепак Словенија извезува 4 пати поголем број на извозни производи во однос на Северна Македонија.

Ако овој параметар го ставиме во однос со нивото на БДП по глава на жител може да констатираме дека земјите кои извезуваат поголем број на производи со вредност над 500.000 долари, во исто време се земји кои имаат повисоко ниво на БДП по глава на жител. Тоа е случај со Вишеградските земји (Полска, Чешка, Унгарија и Словачка) вклучувајќи ја овде и Словенија како земја од регионот на ЈИЕ. Од друга страна, земјите кои извезуваат на мал број на извозни производи се земји кои имаат ниско ниво на БДП по глава на жител што секако е случај со најголем дел од земјите во регионот на Западен Балкан (Северна Македонија, Албанија, Црна Гора и Босна и Херцеговина).

Подолу на сликата може да се види позитивната и статистички значајна корелациска поврзаност помеѓу бројот на извозни производи што земјите ги извезуваат со вредност на 500.000 долари и нивото на БДП по глава на жител мерен во американски долари за земјите од Југо-Источна Европа и Западен Балкан.

**Графикон 6.** Број на извозни производи и ниво на БДП по глава на жител



**Извор:** Пресметки на авторите

Дополнително, како **значаен индикатор** кога се анализираат извозните перформанси преку структурата на извозот е бројот на извозни производи кои земјата ги произведува и извезува со компаративна предност согласно индексот на компаративна предност. Резултатите и заклучоците од истите се многу слични на оние со број на извозни производи кои земјите ги извезуваат со вредност над 1 милион долари.

**Табела 7.** Број на извозни производи со компаративна предност

| Земја | Број на извозни производи со компаративна предност (RCA>1) |
|---|---|
| **Полска** | 1.558 |
| **Чешка Република** | 1.228 |
| **Унгарија** | 859 |
| **Словачка** | 806 |
| **Словенија** | 956 |
| **Хрватска** | 919 |
| **Србија** | 850 |
| **Босна и Херцеговина** | 642 |
| **Северна Македонија** | 420 |
| **Албанија** | 206 |
| **Црна Гора** | 268 |

**Извор:** Пресметки на авторите

Имено, земјите кои извезуваат поголем број на производи со компаративна предност во исто време се земји кои имаат повисоко ниво на БДП по глава на жител што е случај со Вишеградските земји вклучувајќи ја овде и Словенија. Од друга страна, земјите кои извезуваат на помал број на производи со компаративна предност се земји кои имаат ниско ниво на БДП по глава на жител што секако е случај со најголем дел од земјите во регионот на Западен Балкан.

Имено, согласно добиените резултати од истражувањето Полска е земја со најголем број на извозни производи со компаративна предност (1.558 производи), Чешка со 1.228 производи, Унгарија со 859 производи, додека Словачка со 806 производи.

Од друга страна, Црна Гора има најмал број на извозни производи со компаративна предност (268 производи), Албанија има 206 извозни производи, додека Северна Македонија извезува само 420 производи со компаративна предност, што во споредба со Словенија како земја со слична големина е за околу 2.5 пати помалку.

Подолу на сликата може да се види позитивната и статистички значајна корелациска поврзаност помеѓу бројот на извозни производи кои земјите ги извезуваат со компаративна предност и нивото на БДП по глава на жител за земјите од Југо-Источна Европа и регионот на Западен Балкан.

**Графикон 7.** Број на извозни производи (RCA) и ниво на БДП по глава на жител




**Извор:** Пресметки на авторите

Можеби поважен **параметар за мерење на извозните перформанси е извозната структура**, односно **квалитативните аспекти на извозниот сектор**. Поради тоа, во студијата се анализира и **нивото на извозна софистицираност** што се мери преку т.н. **EXPY индекс**. Всушност, овој индекс го покажува ниво на комплексност на производите кои се дел од извозната кошница на една земја.

**Табела 8.** Ниво на извозна софистицираност, EXPY индекс

| Земја | Ниво на извозна софистицираност, EXPY индекс |
|---|---|
| **Словенија** | 29.905 |
| **Чешка Република** | 28.538 |
| **Унгарија** | 27.902 |
| **Словачка** | 27.332 |
| **Полска** | 25.438 |
| **Хрватска** | 23.915 |
| **Босна и Херцеговина** | 20.828 |
| **Србија** | 20.775 |
| **Црна Гора** | 18.000 |
| **Северна Македонија** | 15.533 |
| **Албанија** | 14.500 |

**Извор:** Пресметки на авторите

Резултатите од анализата повторно укажуваат дека Словенија и Вишеградските земји имаат најсофистициран извоз, за разлика од земјите од регионот на Западен Балкан чии извоз е базиран на производи со релативно понизок степен на финализација и пониско ниво на комплексност.

За илустрација, Словенија како земја со највисоко ниво на извозна софистицираност има 2 пати поголемо ниво на извозна комплексност споредено со Северна Македонија согласно индексот кој го користиме за мерење на извозната софистицираност. Истовремено, Албанија и Црна Гора се вбројуваат во групата на земји со најниско ниво на извозна софистицираност што е очигледно, имајќи

го во предвид фактот што овие земји во најголем дел извезуваат примарно земјоделски производи, трудо-интензивни производи и производи со ниска комплексност.

Ако извозната софистицираност ја ставиме во однос со нивото на БДП по глава на жител може да констатираме дека земјите кои имаат повисоко ниво на извозна софистицираност во исто време се земји кои имаат повисоко ниво на БДП по глава на жител што е случај со Вишеградските земји вклучувајќи ја овде и Словенија. Од друга страна, земјите кои имаат ниско ниво на извозна софистицираност се земји кои имаат ниско ниво на БДП по глава на жител што секако е случај со најголем дел од земјите во регионот на Западен Балкан.

Подолу на сликата може да се види позитивната и статистички значајна корелациска поврзаност помеѓу нивото на извозна софистицираност и нивото на БДП по глава на жител за земјите од Југо-Источна Европа што укажува дека земјите со ниско ниво на БДП по глава на жител треба да работат на структурни промени кај извозниот сектор преку пренасочување од производство и извоз на производи со пониско ниво на комплексност и софистицираност кон производи со поголемо ниво на комплексност и софистицираност.

**Графикон 8.** Ниво на извозна софистицираност и ниво на БДП по глава на жител




**Извор:** Пресметки на авторите

На крај, го анализираме **индексот кој ни го покажува нивото на извозна стандардност** кој ни покажува колку производите кои ги извезува земјата во исто време се извезуваат од други земји. Оние земји кои извезуваат производи кои голем број на земји ги извезуваат истовремено се земји кои имаат високо ниво на стандардност на својот извоз и обратно земјите кои извезуваат производи кои мал број на други земји во исто време ги произведуваат и извезуваат се практично земји кои имаат уникатен и нестандарден извоз што и дава многу поголеми можности и подобри позиции на глобалните пазари.

Резултатите од анализата покажуваат дека највиско ниво на извозна стандардност има Албанија, Црна Гора, Северна Македонија и Босна и Херцеговина, додека најниско ниво на извозна стандардност т.е. највисоко ниво на извозна уникатност имаат Полска, Чешка Република, Словенија, Хрватска и Унгарија. За илустрација, Словенија има 2.5 пати поголемо ниво на извозна уникатност споредено со Северна Македонија согласно индексот кој го користиме за мерење на извозна стандарност.

Единствено, Србија е земја која од групата на земји од регионот на Западен Балкан има релативно високо ниво на извозна уникатност, односно релативно ниско ниво на извозна стандарност.

Подолу во табелата се дадени податоците од анализата за нивото на извозна стандарност на земјите од ЈИЕ и земјите од Западен Балкан.

**Табела 9.** Ниво на извозна стандарност

| Земја | Ниво на извозна стандардност (уникатност) |
|---|---|
| **Полска** | 43 |
| **Чешка Република** | 54 |
| **Словенија** | 69 |
| **Хрватска** | 72 |
| **Унгарија** | 77 |
| **Србија** | 78 |
| **Словачка** | 82 |
| **Босна и Херцеговина** | 103 |
| **Северна Македонија** | 158 |
| **Црна Гора** | 248 |
| **Албанија** | 252 |

**Извор:** Пресметки на авторите

Ако извозната стандардност ја ставиме во однос со нивото на БДП по глава на жител може да констатираме дека земјите кои имаат ниско ниво на извозна стандарност т.е. висика извозна уникатност во исто време се земји кои имаат повисоко ниво на БДП по глава на жител што е случај со Вишеградските земји вклучувајќи ја овде и Словенија. Од друга страна, земјите кои имаат високо ниво на извозна стандардност т.е. ниска извозна уникатност се земји кои имаат ниско ниво на БДП по глава на жител што секако е случај со најголем дел од земјите во регионот на Западен Балкан.

Подолу на сликата може да се види негативна и статистички значајна корелациска поврзаност помеѓу нивото на извозна стандардност и нивото на БДП по глава на жител за земјите од Југо-Источна Европа што укажува дека земјите со ниско ниво на БДП по глава на жител треба да работат на структурни промени кај извозниот сектор преку отпочнување на производство и извоз на уникатни производи.

**Графикон 9.** Ниво на извозна стандардност и ниво на БДП по глава на жител




**Извор:** Пресметки на авторите

# 3. АНАЛИЗА НА ИНТРА-РЕГИОНАЛНАТА ТРГОВСКАТА РАЗЕМНА ПОМЕЃУ ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

Вториот дел од регионалната студија за мапирање на интра-регионалните трговски можности се однесува на детално и длабинско проучување на трговската размена помеѓу земјите од Западен Балкан преку проучување на извозот и увозот на ниво на поединечен производ помеѓу секоја земја во рамки на регионот. Целта е детално да се проучи динамиката на интра-регионалната трговска соработка помеѓу земјите од Западен Балкан, но многу поважно крајната цел е длабински да се проучи структурата на интра-регионалната трговија на ниво на поединечен производ.

Подолу се дадени детални податоци за меѓусебната трговска размена помеѓу одделните земји од регионот на Западен Балкан во периодот 2018-2022 година[7].

**Табела 10.** Интра-регионална трговска размена (2018-2022) помеѓу земјите од ЗБ

| Извозна земја | Трговски партнер | Извоз на добра, US$ 2018 | Извоз на добра, US$ 2022 | Просечна годишна стапка на раст на извоз, % 2018-2022 |
|---|---|---|---|---|
| **Албанија** | Босна и Херцеговина | 12,984,263 | 20,127,000 | 11.0% |
| | Црна Гора | 52,708,526 | 339,508,000 | 47.0% |
| | Србија | 325,425,974 | 439,778,000 | 9.0% |
| | Северна Македонија | 79,142,377 | 237,543,000 | 30.0% |
| **Босна и Херцеговина** | Албанија | 21,047,749 | 23,908,000 | 5.0% |
| | Црна Гора | 242,405,149 | 310,664,000 | 5.0% |
| | Србија | 834,374,311 | 1,359,554,000 | 12.0% |
| | Северна Македонија | 73,044,374 | 97,510,000 | 6.0% |
| **Црна Гора** | Албанија | 15,286,052 | 21,125,000 | 15.0% |
| | Босна и Херцеговина | 36,552,357 | 95,235,000 | 27.0% |
| | Србија | 110,086,078 | 157,131,000 | 7.0% |
| | Северна Македонија | 8,063,671 | 7,429,000 | 0.0% |
| **Србија** | Албанија | 159,471,083 | 215,856,000 | 12.0% |
| | Босна и Херцеговина | 1,523,277,063 | 2,076,842,000 | 9.0% |
| | Црна Гора | 905,305,481 | 1,083,283,000 | 5.0% |
| | Северна Македонија | 740,975,526 | 987,230,000 | 9.0% |
| **Северна Македонија** | Албанија | 89,203,014 | 107,402,000 | 7.0% |
| | Босна и Херцеговина | 93,331,954 | 103,820,000 | 4.0% |
| | Црна Гора | 34,865,928 | 38,937,000 | 3.0% |
| | Србија | 542,965,929 | 800,724,000 | 9.0% |

**Извор:** Пресметка на авторите

Анализата за интра-регионална трговска соработка во периодот 2018-2022 година покажува дека земјите од Западен Балкан бележат значително зголемување на меѓусебната трговија што е

[7] Во анализата не е земено во предвид Косово поради недостиг на податоци од базата ComTrdae на ОН што е главен извот на податоци во рамки на анализата. Воедно, во текот на изработка на анализата беше официјално побарано од Косовската комора да доставaт податоци за трговската размена на Косово со останатите земјите од Западен Балкан на ниво на поединечен производ, но во периодот на изработка на анализата не беше постапено по барањето.

сигнал дека економската и трговската регионална интеграција се продлабочува во анализираниот период.

Како што може да се види од резултатите од анализата прикажани во табелата погоре сите земји бележат значителен раст на извозот кон останатите земји од регионот што ја потврдува тезата дека во изминатиот период имаме значително зголемување на интра-регионалната трговска размена помеѓу земјите од Западен Балкан.

Најголем раст на извозот кон регионалните пазари бележи Албанија. Имено, просечната годишна стапка на раст на извозот на Албанија кон Црна Гора изнесува 47%, додека кон Република Северна Македонија стапката на раст на албанскиот извоз е 30%. Значителни стапки на раст на албанскиот извоз се забележува и кон Босна и Херцеговина од 11% и кон Србија од 9%. Забележителен раст на извозот во анализираниот период има и Црна Гора кон Албанија од 15% годишно и кон Босна и Херцеговина од 27% годишно во просек во анализираниот период.

Релативно пониски стапки на раст на извозот кон останатите земји од Западен Балкан во анализираниот период бележи Северна Македонија. Особено тоа е изразено во случајот на извозот на Северна Македонија кон Црна Гора кој изнесува само 3% и кон Босна и Херцеговина кој изнесува само 4%. Релативно ниски стапки на раст на извозот бележи и Босна и Херцеговина кон Албанија и кон Црна Гора од само 5% годишно во просек.

Она што исто така треба да се нотира е значителниот раст на извозот на Северна Македонија и Босна и Херцеговина на српскиот пазар. Имено, во анализираниот период, Босна и Херцеговина бележи просечна годишна стапка на раст на извозот во Србија од 12%, додека Северна Македонија бележи просечна стапка на раст на извозот од 9%.

Растот на извозната активност и трговската размена помеѓу земјите од Западен Балкан во изминатиот период овозможува зголемување на релативното учество на извозот на секоја поединечна земја кон регионалните пазари споредено со сите останати пазари каде земјите од Западен Балкан ги извезуваат своите производи. Ова е потврда за интензивирање на регионалната трговска соработка на земјите од Западен Балкан и забрзување на регионалната економска и трговска соработка помеѓу земјите.

Подолу во табелата се дадени податоци за извозот на добра на секоја земја кон сите останати земји од регионот на Западен Балкан. Истовремено, во анализита се дадени податоци за просечната годишна стапка на раст на извозот на секоја земја кон регионот на Западен Балкан и просечната годишна стапка на раст на извозот на секоја земја кон сите извозни пазари.

**Табела 11.** Интра-регионална трговска размена (2018-2022) помеѓу земјите од ЗБ

| Извозна земја | Извоз во ЗБ, САД$ 2018 | Извоз во ЗБ, САД$ 2022 | Просечна стапка на раст на извоз во ЗБ, % 2018-2022 | Вкупен извоз, US$ 2018 | Вкупен Извоз, САД$ 2022 | Просечна стапка на раст на извоз, % 2018-2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Албанија** | 470,261,142 | 1,036,956,000 | 24.1% | 2,870,000,000 | 4,306,235,000 | 10.01% |
| **Босна и Херцеговина** | 1,170,871,584 | 1,791,636,000 | 10.6% | 7,182,000,000 | 9,678,153,000 | 6.95% |
| **Црна Гора** | 169,988,158 | 280,920,000 | 13.1% | 472,000,000 | 736,364,000 | 11.20% |
| **Србија** | 3,329,029,153 | 4,363,211,000 | 6.2% | 19,227,000,000 | 28,565,681,000 | 9.71% |
| **Северна Македонија** | 760,366,824 | 1,050,883,000 | 7.6% | 6,911,000,000 | 8,729,356,000 | 5.26% |

**Извор:** Пресметка на авторите

Имено, сите земји со исклучок на Србија бележат повисоки стапки на раст на извозот кон останатите земји од Западен Балкан во однос на растот на вкупниот извоз што придонесува за зголемување на релативното учество на извозот кон земјите од Западен Балкан.

За илустрација, Албанија е земја со најголемо зголемување на релативното учество на извозот кон Западен Балкан од 16% во 2018 година на 24% во 2022 година, што е зголемување за цели 8 процентни поени. Од друга страна, Црна Гора е земја со најголемо релативно учество на извозот во Западен Балкан што во 2022 година достигна цели 38%.

Србија и покрај тоа што има најголемо апсолутно зголемување на вредноста на извозот за 1 милијарда долари во анализираниот период (2018-2022), сепак има тренд на намалување на релативното учество од 17% во 2018 година на 15% во 2022 година. Тој тренд е очекуван со оглед што Србија има релативно висока стапка на раст на вкупниот извоз од приближно 10% годишно во анализираниот период и фактот што пазарот на Западен Балкан е релативно мал во однос на големината и вкупниот извозен потенцијал на српската економија што сериозно ја ограничува можноста за дополнителна пенетрација кон регионалните пазари во рамки на Западен Балкан.

Она што е поважно во рамки на овој студијата е истражување на изворите на растот на извозот на секоја поединечна земја кон регионот на Западен Балкан на ниво на поединечен производ со цел да видиме дали растот на извозот е базиран на поголем број на извозни производи или е сконцентриран на мал број производи. Таквото истражување ќе ни овозможи да ја проучиме детално структурата на трговската размена помеѓу одделните земји и да детектираме кои се клучните извозни производи кои го детерминираат растот на извозот на секоја земја кон останатите земји до регионот на Западен Балкан.

## 3.1 Анализа на интра-регионалната извозна структура на Северна Македонија

**Најголем и најзначаен пазар за Северна Македонија од регионот на Западен Балкан** е **српскиот пазар**. Имено, вкупниот извоз на Северна Македонија како што можевме да видиме погоре во 2022 година достигна вредност од **800 милиони евра** што е **76%** од вкупниот извоз на земјата на пазарите во Западен Балкан (без Косово). Дополнително, извозот во Србија бележи **најголем раст од 9% годишно** (од 543 милиони долари во 2018 година на 800 милиони долари во 2022 година) во изминатите 5 години (2018-2022) што е највиска стапка на раст споредена со другите земји од Западен Балкан (со исклучок на Косово).

Ако ја анализираме структурата на извозот на Северна Македонија кон Србија може да заклучиме дека имаме прилично **високо ниво на извозна концентрацијата**, односно мал број на извозни производи креираат значаен дел од извозот. Имено, **првите топ 20 извозни производи** учествуваат со повеќе од половина од извозот на Северна Македонија во Србија или поточно **52.9%.** Истовремено, извозот на овие производи расте со поголема динамика од динамиката на раст на вкупниот извоз на Северна Македонија кон Србија, што укажува дека најголем дел од овие производи истовремено го генерираат растот на извоз кон Србија во анализираниот период (2018-2022).

**Производ со најголема вредност на извоз** во 2022 година се *масла добиени од нафта и масла добиени од битуменозни минерали освен сурови*, со вредност на извоз од над 100 милиони долари или речиси 13% од вкупниот извоз на Северна Македонија во Србија, додека во првите топ 5 производи се: *електрична енергија, топловалани челични лимови со дебелина поголема од 600мм, фармацевски производи и цемент.*

Од друга страна, производ со **најголем раст на извозот** во анализираниот период се *катализаторти* кои во 2022 година достигна вредност од 19 милиони долари, додека во 2018 година извозот на овој производ бил само 1.000 долари. Сепак, овој производ не е релевантен пример затоа што станува збор за производ кој е дел од регионален ланецн на снабдување на странски компании од автомобилската индустрија.

Она што е значајно за македонскиот извоз на српскиот пазар се извозните производи од прехранбениот сектор. Тука посебна важно има *флаширано вино* имајќи во предвид дека овој производ бележи значителен пораст од 10 милиони во 2018 година на 17.4 милиони долари во 2022 година или раст од 12%.

**Други значајни извозни производи на српскиот пазар** од **прехранбената индустрија** се: 1) *ајвар и мешаница од зеленчук* кој бележи значителен раст од 21% (од 5.6 милиони во 2018 година на 12.1 милиони долари во 2022 година), 2) *пекарски производи и бисквити* кои бележат раст од 4% (од 12.5 милиони долари во 2018 година на 14 милиони долари во 2022 година), 3) *масло од сончоглед* кое бележи значителен раст од 43% (од 1.6 милиони долари во 2018 година на 8.6 милиони долари во 2022 година).

Подолу во табелата се дадени топ 20 извозни производи што Северна Македонија ги извезува во Србија во периодот 2018-2022 година.

**Табела 12.** Структура на македонскиот извоз во Србија, 2018-2022 година

| Тарифен број | Опис на производ | Вредност на извоз, '000 САД$, 2018 | Вредност на извоз '000 САД$. 2022 | Релативно учество, % 2022 | Стапка на раст на извоз,% 2018-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **271019** | Други масла и препарати (средни, тешки и гасни масла) | 49,134 | 103,681 | 12.95% | 17% |
| **271600** | Електрична енергија | 14,210 | 70,890 | 8.85% | 36% |
| **721070** | Топло валани обоени, лакирани или превлечени метеални табли со пластична маса | 28,285 | 24,221 | 3.02% | - |
| **300490** | Лекови (освен производите од тар. броеви 3002, 3005 или 3006) што се состојат од измешани или неизмешани пр | 25,694 | 23,848 | 2.98% | - |
| **252329** | Портланд цемент, друг | 18,352 | 21,870 | 2.73% | 5% |
| **381519** | Друго, катализатори на подлога | / | 19,370 | 2.42% | 620% |
| **220421** | Други вина; шира од грозје со запрена ферментација со додавање на алкохол во садови од 2 литри или помала | 10,950 | 17,434 | 2.18% | 12% |
| **721049** | Топло валани поинаку превлечени или прекриени со цинк табли од железо и челик, небрановидни | 15,365 | 17,179 | 2.15% | 5% |
| **720852** | Топло валани ненамотани (табли), само топло валани, со дебелина од 4,75 мм или поголема но што не надминува 10 мм | 12,657 | 14,046 | 1.75% | 5% |
| **190590** | Друг леб, печива, колачи, бисквити и др пекарски производи, со додаток на какао или без додаток на какао; н | 12,594 | 14,011 | 1.75% | 4% |
| **730661** | Други, заварени, што не се со кружен напречен пресек со правоаголен (вклучувајќи квадратен) напречен пресе | 15,309 | 12,961 | 1.62% | 1% |
| **200599** | Друг зеленчук и мешаници на зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна кисел | 5,637 | 12,164 | 1.52% | 21% |
| **720851** | Топло валани ненамотани табли, само топло валани, со дебелина што надминува 10 мм | 5,100 | 12,064 | 1.51% | 27% |
| **680911** | Табли, листови, плочи, плочки и слични производи од гипс, неукрасени превлечени или зајакнати | 6,414 | 11,389 | 1.42% | 16% |
| **730890** | Друг конструкции и делови од конструкции | 1,699 | 10,446 | 1.30% | 53% |

| Тарифен број | Опис на производ | Вредност на извоз, '000 САД$, 2018 | Вредност на извоз '000 САД$. 2022 | Релативно учество, % 2022 | Стапка на раст на извоз,% 2018-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **151219** | Друго масло од сончоглед или шафраника и нивни фракции, рафинирано или нерафинирано | 1,620 | 8,627 | 1.08% | 43% |
| **390110** | Полиетилен со специфична густина помала од 0,94, во примарна форма | 2,441 | 7,955 | 0.99% | 32% |
| **271012** | Лесни масла и препарати од нафта или битуменски минерали | 2,696 | 7,528 | 0.94% | 19% |
| **392330** | Балони шишиња, шишенца и слични производи од пластични маси за пакување | 5,852 | 7,413 | 0.93% | 4% |
| **392113** | Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, со клеточна структура од пластични маси од полиуретан | 2,259 | 7,038 | 0.88% | 41% |
| # | **ВКУПНО** | **236,269** | **424,135** | **52.97%** | **15.9%** |

Извор: Пресметки на авторите врз база на податоци од ComTrade database, UN

**Во првите топ 20 извозни производи** се производи од метална и металопреработувачката индустрија како што се: *топловалани челични лимови, челични профили и цевки, челични делови, како и производи од пластика.* Други производи кои се извезуваат на српскиот пазар се: *свежо грозје, цигари, свежи јаболки, акумулатори, други производи од кондиторска и конзервна индустрија.*

**Вториот по важност извозен пазар од регионот за Западен Балкан** е **албанскиот пазар**. Имено, како што можевме да видиме погоре вредноста на извозот на Северна Македонија во Албанија во 2022 година достигна вредност од **107 милиони евра** што значи **просечна годишна стапка на раст од 7%** во анализираниот период (2018-2022).

Ако ја анализираме структурата на извозот на Северна Македонија во Албанија може да заклучиме дека имаме прилично **високо ниво на извозна концентрацијата**, односно мал број на извозни производи креираат значаен дел од извозот. Имено, **првите топ 20 извозни производи** учествуваат со **60.9%** во вкупниот извоз на Северна Македонија во Албанија. Истовремено, стапката на раст на извозот на овие производи е приближно идентичен со страпката на раст на вкупниот извоз на земјата во Албанија, што укажува дека најголем дел од овие производи истовремено го генерираат растот на извоз на земјата кон Албанија во анализираниот период (2018-2022).

**Производ со најголема вредност на извоз** во 2022 година се *отпадоци и остатоци од железо или челик (отпадни инготи, слабови и други отпадоци од железо или челик за претопување)* со вредност на извоз од над 12.8 милиони долари или речиси 12% од вкупниот извоз на Северна Македонија во Албанија, додека во **првите топ 5 производи** се *електрична енергија, масла од сончоглед, производи од пластика и масла добиени од нафта и битуменозни минерали.*

Од друга страна, **производ со најголем раст на извозот** во анализираниот период се *отпадоци од алуминиум* кои во 2022 година достигна вредност од 2.4 милиони долари, додека во 2018 година извозот на овој производ бил 500.000 долари. Сепак, овој производ не е релевантен пример затоа што станува збор за производ кој што е нус производ на производен процес на друг производ. Истовремено, како производи како производ со значителна стапка на раст на извозот на албанскиот пазар во анализираниот период е топло валани табли од железо и челик со просечна годишна стапка на раст од 31%.

Подолу во табелата се дадени топ 20 извозни производи што Северна Македонија ги извезува во Албанија во периодот 2018-2022 година.

**Табела 13.** Структура на македонскиот извоз во Албанија, 2018-2022 година

| ТАРИФЕН БРОЈ | ОПИС НА ПРОИЗВОД | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ, '000 САД$ 2018 | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ '000 САД$ 2022 | РЕЛАТИВНО УЧЕСТВО, 2022 | СТАПКА НА РАСТ НА ИЗВОЗ, 2018-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 720449 | Други отпадоци и остатоци од железо и челик | 17,304 | 12,804 | 11.9% | -5.2% |
| 680911 | Табли, листови, плочи, плочки и слични производи од гипс, неукрасени превлечени или зајакнати само со харт | 4,487 | 8,912 | 8.3% | 19.7% |
| 151219 | Друго масло од сончоглед или шафраника и нивни фракции, рафинирано или нерафинирано | 6,348 | 7,125 | 6.6% | 2.4% |
| 271600 | Електрична енергија | 0 | 4,410 | 4.1% | |
| 271019 | Други масла и препарати ( средни, тешки и гасни масла) од нафта и битуменски минерали | 774 | 4,320 | 4.0% | 91.6% |
| 220210 | Вода, вклучувајќи минерална вода и газирана вода, со додаток на шеќер или други средства за засладување или | 3,408 | 3,096 | 2.9% | -1.8% |
| 391721 | Цевки и црева, крути од полимери на етилен | 2,431 | 2,580 | 2.4% | 1.2% |
| 721691 | Ладно валани метални профили, секции и делови | 1,307 | 2,518 | 2.3% | 18.5% |
| 280440 | Оксиген | 1,393 | 2,464 | 2.3% | 15.4% |
| 760200 | Отпадоци и остатоци, од алуминиум | 500 | 2,387 | 2.2% | 75.5% |
| 481910 | Кутии од брановидна хартија или картон | 1,362 | 2,185 | 2.0% | 12.1% |
| 300490 | Лекови (освен производите од тар. броеви 3002, 3005 или 3006) што се состојат од измешани или неизмешани пр | 4,158 | 2,075 | 1.9% | -10.0% |
| 010229 | Други живи животни, вид говеда | 1,863 | 1,876 | 1.7% | 0.1% |
| 321490 | Неогноотпорни препарати за површинска обработка на фасади, внатрешни зидови, подови, тавани или слично | 1,284 | 1,705 | 1.6% | 6.6% |
| 210210 | Активен квасец | 1,772 | 1,534 | 1.4% | -2.7% |
| 392020 | Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, од пластични маси, од полимери на пропилен | 849 | 1,378 | 1.3% | 12.5% |
| 720852 | Топло валани ненамотани табли, само топло валани, со дебелина од 4,75 мм или поголема но што не надминува 10 мм | 888 | 1,111 | 1.0% | 5.0% |
| 730661 | Други, заварени, што не се со кружен напре-чен пресек со правоаголен (вклучувајќи квадратен) напречен пресе | 1,849 | 1,020 | 0.9% | -9.0% |
| 281121 | Карбон диоксид | 255 | 1,007 | 0.9% | 59.0% |
| 721070 | Топло валани обоени, лакирани или превлечени табли со пластична маса | 380 | 977 | 0.9% | 31.4% |
| # | **ВКУПНО** | **52,612** | **65,484** | **60.97%** | **4.9%** |

Извор: Пресметки на авторите врз база на податоци од ComTrade database, UN

**Во првите топ 20 извозни производи** се производи од *метална и металопреработувачката индустрија како што се топловалани челични лимови, челични профили и цевки, челични делови, како и производи од пластика, фармацевски и хемиски производи*.

**Третиот по важност пазар од регионот на Западен Балкан** за Северна Македонија е **босанскиот пазар**. Имено, како што погоре видовме извозот на Северна Македонија во Босна и Херцеговина достигна вредност од **103.8 милиони долари** што значи **просечна годишна стапка на раст од 4%** во анализираниот период (2018-2022).

Ако ја анализираме структурата на извозот на Северна Македонија во Босна и Херцеговина може да заклучиме дека имаме прилично **високо ниво на извозна концентрацијата**, односно мал број на извозни производи креираат значаен дел од извозот. Имено, првите топ 20 извозни производи учествуваат со **62.7%.**

Истовремено, извозот на овие производи расте со поголема динамика од динамиката на раст на вкупниот извоз на Северна Македонија кон Босна и Херцеговина, што укажува дека најголем дел од овие производи истовремено го генерираат растот на извоз кон Босна и Херцеговина во анализираниот период (2018-2022).

**Производ со најголема вредност на извоз** во 2022 година се лекови со вредност на извоз од над 12.3 милиони долари или речиси 12% од вкупниот извоз на Северна Македонија во Босна и Херцеговина, додека во првите топ 5 производи се: *цевки и профили во различна форма од железо и челик, кварц, флаширано вино, производи од месо.*

Од друга страна, производ со **најголем раст на извозот** во анализираниот период се *трактори* кои во 2022 година достигна вредност од 1.7 милиони долари, додека во 2020 година извозот на овој производ бил само 121.000 долари или во периодот 2018-2022 бележи просечна годишна стапка на раст од 117%.

Она што е значајно за македонскиот извоз на босанскиот пазар се извозните производи од прехранбениот сектор. Тука посебна важно има *флаширано вино* имајќи во предвид дека овој производ бележи значителен пораст од 2.7 милиони во 2020 година на 4.3 милиони долари во 2022 година или 19% просечна годишна стапка на раст.

**Други значајни извозни производи на босанскиот пазар** од **прехранбената индустрија** се: 1) *производи од месо*, 2) *пекарски производи и бисквити* кои бележат раст од 5% (од 2.1 милиони долари во 2020 година на 3 милиони долари во 2022 година), 3) *ајвар и микс од зеленчук* кој бележи значителен раст од 1%, 4) безалхохолни производи од овошје, и други производи од конзервната индустрија.

Подолу во табелата се дадени топ 20 извозни производи што Северна Македонија ги извезува во Босна и Херцеговина во периодот 2018-2022 година.

**Табела 14.** Структура на македонскиот извоз во Босна и Херцеговина, 2018-2022 година

| ТАРИФЕН БРОЈ | ОПИС НА ПРОИЗВОД | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ, '000 САД$ 2020 | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ '000 САД$ 2022 | РЕЛАТИВНО УЧЕСТВО, 2022 | СТАПКА НА РАСТ НА ИЗВОЗ, 2018-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 300490 | Лекови (освен производите од тар. броеви 3002, 3005 или 3006) што се состојат од измешани или неизмешани пр | 13,639 | 12,298 | 11.8% | 1% |
| 730661 | Заварени цевки, што не се со кружен напречен пресек со правоаголен (вклучувајќи квадратен) напречен пресек од железо и нелегиран челик | 8,743 | 8,563 | 8.2% | 1% |
| 250610 | Кварц | 1,997 | 4,455 | 4.3% | 4% |
| 220421 | Други вина; шира од грозје со запрена ферментација со додавање на алкохол во садови од 2 литри или помала | 2,693 | 4,365 | 4.2% | 7% |

| ТАРИФЕН БРОЈ | ОПИС НА ПРОИЗВОД | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ, '000 САД$ 2020 | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ '000 САД$ 2022 | РЕЛАТИВНО УЧЕСТВО, 2022 | СТАПКА НА РАСТ НА ИЗВОЗ, 2018-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 160100 | Колбаси и слични производи, од месо, од други јастиви месни кланични производи или од крв, сложени прехранб | 4,252 | 4,278 | 4.1% | 0% |
| 720851 | Топло валани ненамотани табли од железо и нелегиран челик, само топло валани, со дебелина што надминува 10 мм | 2,131 | 3,879 | 3.7% | 20% |
| 190590 | Друг леб, печива, колачи, бисквити и др пекарски производи, со додаток на какао или без додаток на какао; н | 2,147 | 3,076 | 3.0% | 5% |
| 850710 | Оловни акумулатори за задвижување на клипни мотори | 2,591 | 2,865 | 2.8% | 19% |
| 200599 | Друг зеленчук и мешаници на зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна кисел | 2,510 | 2,591 | 2.5% | 1% |
| 721070 | Топло валани обоени, лакирани или превлечени со пластична маса табли од железо и нелегиран челик | 1,408 | 2,565 | 2.5% | 1% |
| 220299 | Други  безалкохолни пијалаци, освен сокови од овошје или зеленчук што се распоредуваат во тар. број 2009 | 1,449 | 2,523 | 2.4% | 16% |
| 210690 | Други прехранбени производи на друго место неспомнати или опфатени | 2,379 | 1,832 | 1.8% | -2% |
| 160249 | Други приготвени или конзервирани производи, вклучувајќи мешаници | 1,491 | 1,684 | 1.6% | -3% |
| 730630 | Заварени цевки со кружен напречен пресек, од железо или нелегиран челик | 1,797 | 1,662 | 1.6% | -1% |
| 870192 | Трактори со моќност на мотор што надминува 18 kW, но не надминува 37 kW | 121 | 1,660 | 1.6% | 117% |
| 391733 | Цевки и црева од пластика, што не се зајакнати ниту комбинирани со други материјали, со прибор | 2,306 | 1,638 | 1.6% | 5% |
| 180690 | Чоколадо или други производи од какао | 1,466 | 1,498 | 1.4% | -4% |
| 300420 | Лекови што се состојат од измешани или неизмешани производи што содржат други антибиотици | 1,181 | 1,458 | 1.4% | 16% |
| 392111 | Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, со клеточна структура од пластични маси од полимери на стирол | 548 | 1,217 | 1.2% | 27% |
| 200190 | Друг зеленчук, овошје, јатчесто овошје и други делови на растенија за јадење, приготвени или конзервирани в | 840 | 995 | 1.0% | 0 |
| # | **ВКУПНО** | 55,689 | 65,102 | 62.7% | 5.60% |

Извор: Пресметки на авторите врз база на податоци од ComTrade database, UN

**Во првите топ 20 извозни производи** се производи од *метална индустрија (топловалани лимови), металопреработувачката индустрија како што се различни челични профили и цевки,*

*челични делови, како и производи од пластика, фармацевски (лекови) и земјоделски производи и производи од прехранбената индустрија*.

**Четврти и најмал пазар од регионот на Западен Балкан** за Северна Македонија е **црногорскиот пазар**. Имено, како што погоре видовме извозот на Северна Македонија во Црна Гора достигна вредност од **39 милиони долари** што значи **просечна годишна стапка на раст од 3%** во анализираниот период (2018-2022).

Ако ја анализираме структурата на извозот на Северна Македонија во Црна Гора може да заклучиме дека имаме прилично високо ниво на извозна концентрацијата, односно мал број на извозни производи креираат значаен дел од извозот. Имено, **првите топ 20 извозни производи** учествуваат со повеќе од половина од извозот на Северна Македонија во Црна Гора или поточно **50.67%**.

Истовремено, извозот на овие производи расте со иста динамика како динамиката на раст на вкупниот извоз на Северна Македонија кон Црна Гора, што укажува дека овие топ 20 производи истовремено генерираат повеќе од половина од вкупниот раст на извоз на Северна Македонија во Црна Гора во анализираниот период (2018-2022).

**Производ со најголема вредност на извоз** во 2022 година се производи од месо со 7.4% релативно учество во вкупниот извоз на Северна Македонија во Црна Гора, додека во првите топ 5 производи се: *лекови, масло од сончоглед, ајвар и други преработки од зеленчук.*

Од друга страна, производ со **најголем раст на извозот** во анализираниот период е масло од сончоглед кој во 2022 година достигна вредност од 1.3 милиони долари, додека во 2020 година извозот на овој производ бил само 1.000 долари или во периодот 2018-2022 бележи огромна стапка на раст.

Она што е значајно за македонскиот извоз на црногорскиот пазар се извозните производи од прехранбениот сектор. Тука посебна важно има *флаширано вино* имајќи во предвид дека овој производ бележи значителен пораст од 870.000 во 2018 година на 982.000 милиони долари во 2022 година или 2.6% просечна годишна стапка на раст.

**Други значајни извозни производи на црногорскиот пазар** од **прехранбената индустрија** се: 1) *производи од месо*, 2) производи од конзервна индустрија, 3) *ајвар и микс од зеленчук* кој бележи значителен раст од 1%, 4) пекарски производи и производи од кондиторска индустрија.

Подолу во табелата се дадени топ 20 извозни производи што Северна Македонија ги извезува во Црна Гора во периодот 2018-2022 година.

**Табела 14.** Структура на македонскиот извоз во Црна Гора, 2018-2022 година

| ТАРИФЕН БРОЈ | ОПИС НА ПРОИЗВОД | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ, '000 САД$ 2018 | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ '000 САД$ 2022 | РЕЛАТИВНО УЧЕСТВО, 2022 | СТАПКА НА РАСТ НА ИЗВОЗ, 2018-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 160100 | Колбаси и слични производи, од месо, од други јастиви месни кланични производи или од крв, сложени прехранб | 3,502 | 2,883 | 7.4% | -3.5% |
| 300490 | Лекови (освен производите од тар. броеви 3002, 3005 или 3006) што се состојат од измешани или неизмешани пр | 2,139 | 2,028 | 5.2% | -1.0% |
| 200599 | Друг зеленчук и мешаници на зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна кисел | 1,247 | 1,559 | 4.0% | 5.0% |
| 151219 | Друго масло од сончоглед или шафраника и нивни фракции | 1 | 1,315 | 3.4% | 26280.0% |
| 300420 | Лекови што се состојат од измешани или неизмешани производи што содржат други антибиотици | 699 | 1,049 | 2.7% | 10.0% |
| 220421 | Други вина; шира од грозје со запрена ферментација со додавање на алкохол во садови од 2 литри или помала | 870 | 982 | 2.5% | 2.6% |

| ТАРИФЕН БРОЈ | ОПИС НА ПРОИЗВОД | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ, '000 САД$ 2018 | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ '000 САД$ 2022 | РЕЛАТИВНО УЧЕСТВО, 2022 | СТАПКА НА РАСТ НА ИЗВОЗ, 2018-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 721070 | Топло валани обоени, лакирани или превлечени со пластична маса табли од железо и нелегиран челик | 1,161 | 928 | 2.4% | -4.0% |
| 210690 | Други прехранбени производи на друго место неспомнати или опфатени | 876 | 901 | 2.3% | 0.6% |
| 731420 | Решетки, мрежи и огради, заварени на местата на крстосување, од жица | 1,500 | 857 | 2.2% | -8.6% |
| 190590 | Друг леб, печива, колачи, бисквити и др пекарски производи, со додаток на какао или без додаток на какао; н | 611 | 764 | 2.0% | 5.0% |
| 090121 | Кафе, печено со кофеин | 741 | 762 | 2.0% | 0.6% |
| 080810 | Свежо јаболко | 283 | 737 | 1.9% | 32.1% |
| 080610 | Свежо грозје | 923 | 691 | 1.8% | -5.0% |
| 210500 | Сладолед и друг јастив мраз, со додаток или без додаток на какао | 498 | 691 | 1.8% | 7.8% |
| 300449 | Лекови што содржат други алкалоиди или невни деривати | 560 | 645 | 1.7% | 3.0% |
| 730661 | Други цевки, заварени, што не се со кружен напречен пресек со правоаголен (вклучувајќи квадратен) напречен пресек од железо и нелегиран челик | 943 | 637 | 1.6% | -6.5% |
| 200190 | Друг зеленчук, овошје, јатчесто овошје и други делови на растенија за јадење, приготвени или конзервирани в | 364 | 627 | 1.6% | 14.5% |
| 850434 | Други трансформатори со моќност што надминува 500 кVA | 110 | 623 | 1.6% | 93.3% |
| 220210 | Вода, вклучувајќи минерална вода и газирана вода, со додаток на шеќер или други средства за засладување или | 168 | 572 | 1.5% | 48.1% |
| 340111 | Сапун и органски површински активни производи и препарати за тоалетна употреба (вклучувајќи ги производите | 21 | 482 | 1.2% | 439.0% |
| # | **ВКУПНО** | **17,217** | **19,733** | **50,67%** | **3%** |

Извор: Пресметки на авторите врз база на податоци од ComTrade database, UN

**Во првите топ 20 извозни производи** се производи од *метална индустрија (топловалани лимови), металопреработувачката индустрија како што се различни челични профили и цевки, жичени производи, фармацевски (лекови) и земјоделски производи (свежи јаболки и грозје) и други производи од прехранбената индустрија*.

## 3.2 Анализа на интра-регионалната извозна структура на Србија

**Најголем и најзначаен пазар за Србија од регионот на Западен Балкан** е **босанскиот пазар**. Имено, вкупниот извоз на Србија како што можевме да видиме погоре во 2022 година достигна вредност од **2 милијарди долари** што е **48%** од вкупниот извоз на земјата на пазарите во Западен Балкан (без Косово). Дополнително, извозот во Босна и Херцеговина бележи **раст од 9% годишно** (од 1.5 милијарди долари во 2018 година на 2.1 милиони долари во 2022 година) во изминатите 5 години (2018-2022) што е една од највисоките стапки на раст споредена со другите земји од Западен Балкан.

Ако ја анализираме структурата на извозот на Србија во Босна и Херцеговина може да заклучиме дека Србија извезува голем број на производи што значи дека има релативно **пониско ниво на извозна концентрација**, односно повисоко ниво на извозна диверзификација. Како потврда на оваа констатација е фактот што **првите топ 20 извозни производи** учествуваат со само **30.1%** што е далеку помал процент споредено со останатите земји. Дополнително, резултатите од анализата покажуваат

дека Србија извезува **над 300 производи** во Босна и Херцеговина **со вредност поголема од 1 милион долари** и **над 550 производи со вредност поголема од 500.000 долари.**

**Производ со најголема вредност на извоз** во 2022 година се други масла добиени од нафта и битуменозни минерали со вредност на извоз од над 190 милиони долари или релативно учество од 9.1% во вкупниот извоз на Србија во Босна и Херцеговина, додека во **првите топ 5 производи** се други *масла добиени од нафта и битуменозни минерали, пченка, алкохолни пијалоци (пиво), семе од сончоглед.*

Од друга страна, **производ со најголем раст на извозот** во анализираниот период се *топловалани прачки од железо и челик* кои во 2022 година достигна вредност од 35.4 милиони долари, додека во 2020 година извозот на овој производ бил само 7.6 милиони долари. Други значајни извозни производи на босанскиот пазар се:

1) *пченка* која бележи значителен раст од 16% во периодот 2018-2022, достигнувајќи вредност на извоз од 50.6 милиони долари во 2022 година,

2) *семе од сончоглед* кој бележи раст од 13% достигнувајќи вредност на извоз од 37.9 милиони долари во 2022 година),

3) *пиво* кое бележи значителен раст од 33% достигнувајќи вредност на извоз од 38.2 милиони долари во 2022 година.

Подолу во табелата се дадени топ 20 извозни производи што Србија ги извезува во Босна и Херцеговина во периодот 2018-2022 година.

**Табела 15.** Структура на српскиот извоз во Босна и Херцеговина, 2018-2022 година

| ТАРИФЕН БРОЈ | ОПИС НА ПРОИЗВОД | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ, '000 САД$ 2020 | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ '000 САД$ 2022 | РЕЛАТИВНО УЧЕСТВО, 2022 | СТАПКА НА РАСТ НА ИЗВОЗ, 2018-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 271019 | Други масла и препарати ( средни, тешки и гасни масла) од нафта и бутименски минерали | 82,854 | 189,668 | 9.1% | 19% |
| 271012 | Лесни масла и препаратиод нафта и битуменски минерали кои содржат >= 90% од волуменот | 22,944 | 76,744 | 3.7% | 33% |
| 100590 | Пченка, друга) | 16,872 | 50,668 | 2.4% | 16% |
| 220300 | Пиво добиено од слад | 28,195 | 38,201 | 1.8% | 33% |
| 120600 | Семе од сончоглед, вклучувајќи кршено или дробено | 32,516 | 37,910 | 1.8% | 13% |
| 721391 | Топло валана жица во макари со кружен напречен пресек со пречник помал од 14 мм од железо и нелегиран челик | 3,157 | 37,672 | 1.8% | 7% |
| 721420 | Други прачки од железо или нелегиран челик, со вдлабнатини, ребра, жлебови или други деформации добиени во | 7,684 | 35,387 | 1.7% | 479% |
| 230990 | Други производи што се употребуваат за исхрана на животни | 34,539 | 33,693 | 1.6% | 58% |
| 100199 | Друга пченица | 7,762 | 30,528 | 1.5% | 2% |
| 190531 | Слатки бисквити | 22,886 | 25,402 | 1.2% | 14% |
| 210690 | Подготвена храна, неспоменато на друго место | 18,799 | 24,107 | 1.2% | 4% |
| 730661 | Други заварени цевки што не се со кружен напречен пресек со правоаголен (вклучувајќи квадратен) напречен пресек од железо и нелегиран челик | 13,484 | 22,203 | 1.1% | 15% |
| 720852 | Топло валани ненамотани табли, само топло валани, со дебелина од 4,75 мм или поголема но што не надминува 10 мм | 7,199 | 21,443 | 1.0% | 28% |
| 240220 | Цигари кои содржат тутун | 15,786 | 21,090 | 1.0% | 1% |

| ТАРИФЕН БРОЈ | ОПИС НА ПРОИЗВОД | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ, '000 САД$ 2020 | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ '000 САД$ 2022 | РЕЛАТИВНО УЧЕСТВО, 2022 | СТАПКА НА РАСТ НА ИЗВОЗ, 2018-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 220299 | Други безалкохолни пијалаци, освен сокови од овошје или зеленчук што се распоредуваат во тар. број 2009 | 12,227 | 20,492 | 1.0% | 5% |
| 392113 | Други плочи, листови, филмови, фолии и ленти, со клеточна структура од пластични маси од полиуретан | 2,087 | 19,263 | 0.9% | 72% |
| 151219 | Друго масло од сончоглед или шафраника и нивни фракции | 11,375 | 18,507 | 0.9% | 6% |
| 300490 | Лекови (освен производите од тар. броеви 3002, 3005 или 3006) што се состојат од измешани или неизмешани пр | 11,243 | 18,320 | 0.9% | 18% |
| 271600 | Електрична енергија | 3,594 | 17,419 | 0.8% | -5% |
| 110100 | Брашно од пченица или наполица | 10,341 | 15,984 | 0.8% | 5% |
| 720853 | Топло валани ненамотани табли од железо и нелегиран челик, со дебелина од 3 мм или поголема но помала од 4,75 мм | 6,018 | 15,720 | 0.8% | 40% |
| # | **ВКУПНО** | 371,562 | 770,421 | 37.10% | / |

Извор: Пресметки на авторите врз база на податоци од ComTrade database, UN

Во првите топ 20 извозни производи се производи од *метална и металопреработувачката индустрија како што се топловалани челични лимови, челични профили и цевки, челични делови*, *цигари, неалкохолни пијалоци, лекови, производи од кондиторска индустрија.*

**Вториот по важност извозен пазар од регионот за Западен Балкан** е **црногорскиот пазар**. Имено, како што можевме да видиме погоре вредноста на извозот на Србија во Црна Гора во 2022 година достигна вредност од 1.083 милиони долари (или околу 25% од вкупниот извоз на Србија во регионот на Западен Балкан со исклучок на Косово кое не е земено во рамки на анализата). Истовремено, извозот на Србија во Црна Гора се зголемува со просечна годишна стапка од 5% во анализираниот период (2018-2022).

Ако ја анализираме структурата на извозот на Србија во Црна Гора може да заклучиме дека Србија извезува голем број на производи што значи дека има релативно **пониско ниво на извозна концентрација**, односно **повисоко ниво на извозна диверзификација**. Како потврда на оваа констатација е фактот што **првите топ 20 извозни производи** учествуваат со само **33.1%** што е далеку помал процент споредено со останатите земји. Дополнително, резултатите од анализата покажуваат дека Србија извезува **над 200 производи** во Црна Гора **со вредност поголема од 1 милион долари** и **над 360 производи со вредност поголема од 500.000 долари.**

**Производ со најголема вредност на извоз** во 2022 година е електрична енергија со вредност на извоз од над 61 милиони долари или релативно учество од 5.7% во вкупниот извоз на Србија во Црна Гора, додека во **првите топ 5 производи** се лекови со вредност на извоз од 31.2 милиони долари, бакарна руда и концентрати со вредност на извоз од 22.9 милиони долари, живи животни (говеда) со вредност на извоз од 22.7 милиони долари и пченица со вредност на извоз од 20 милиони долари.

Од друга страна, **производ со најголем раст на извозот** во анализираниот период е електрична енергија која во 2022 година бележи просечна годишна стапка на извоз од 351%. Сепак, овој тренд е повеќе резултат на драстичното зголемување на цената на електричната енергија во изминатите две години како резултат на светската енергетска криза.

**Други значајни извозни производи** на црногорскиот пазар се: 1) *други руди и концентрати од руди, различен тип на храна за животни, семе од сончоглед или масло од сончоглед, производи од кондиторска индустрија (преработки на зеленчук).*

Подолу во табелата се дадени топ 20 извозни производи што Србија ги извезува во Црна Гора во периодот 2018-2022 година.

**Табела 16.** Структура на српскиот извоз во Црна Гора, 2018-2022 година

| ТАРИФЕН БРОЈ | ОПИС НА ПРОИЗВОД | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ, '000 САД$ 2020 | ВРЕДНОСТ НА ИЗВОЗ '000 САД$ 2022 | РЕЛАТИВНО УЧЕСТВО, 2022 | СТАПКА НА РАСТ НА ИЗВОЗ, 2018-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| 271600 | Електрична енергија | 3,308 | 61,367 | 5.7% | 351.0% |
| 300490 | Лекови (освен производите од тар. броеви 3002, 3005 или 3006) што се состојат од измешани или неизмешани пр | 21,122 | 31,288 | 2.9% | 9.6% |
| 260300 | Бакарна руда и концентрати | 2,531 | 22,928 | 2.1% | 161.2% |
| 010229 | Други живи животни, вид говеда | 15,467 | 22,750 | 2.1% | 9.4% |
| 110100 | Брашно од пченица или наполица | 11,469 | 20,038 | 1.8% | 14.9% |
| 260700 | Руди на олово и концентрати | 17,456 | 19,069 | 1.8% | 1.8% |
| 230990 | Други производи што се употребуваат за исхрана на животни | 10,794 | 18,166 | 1.7% | 13.7% |
| 151219 | Друго масло од сончоглед или шафраника и нивни фракции | 13,002 | 18,120 | 1.7% | 7.9% |
| 210690 | Други прехранбени производи на друго место неспомнати или опфатени | 10,352 | 17,324 | 1.6% | 13.5% |
| 220210 | Вода, вклучувајќи минерална вода и газирана вода, со додаток на шеќер или други средства за засладување или | 15,314 | 17,155 | 1.6% | 2.4% |
| 220299 | Други безалкохолни пијалаци, освен сокови од овошје или зеленчук што се распоредуваат во тар. број 2009 | 11,188 | 14,188 | 1.3% | 5.4% |
| 240220 | Цигари што содржат тутун | 10,714 | 12,493 | 1.2% | 3.3% |
| 271019 | Други масла и препарати ( средни, тешки и гасни масла) од нафта и битуменски минерали | 6,180 | 12,415 | 1.1% | 20.2% |
| 190531 | Слатки бисквити | 11,588 | 11,346 | 1.0% | -0.4% |
| 220300 | Пиво направено од слад | 6,693 | 11,099 | 1.0% | 13.2% |
| 870332 | Други возила со клипен мотор со внатрешно согорување на палење со помош на компресија (дизел или полудизел) | 15,474 | 10,978 | 1.0% | -5.8% |
| 220110 | Минерална вода и газирана вода без никакви додатоци | 10,221 | 9,898 | 0.9% | -0.6% |
